ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:** Општина Бутел

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2021 година _ Сметка на основен буџет (637)

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

**Клучни утврдени состојби:**
- непочитување на начелото на транспарентност и отчетност од страна на субјектите на кои им е доделена финансиска помош од општината;
- извршено евидентирање на објекти за кои не е целосно утврден правниот статус поврзан со сопственоста;
- слабости во делот на почитување Законот за јавни набавки при набавка на стоки, работи и услуги

**Издадено мислење*:** 🟡 🔴
Изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на елементите од финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи и резултатите на финансиските активности и неповолно мислење за усогласеноста на активностите и финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики за 2021 година.

**Клучни препораки:**
- воспостават контрола на наменското и законското трошење на буџетските средства на корисниците на средства од програмите;
- Одговорните лица во општината да преземат мерки за потврдување на работниот ангажман;
- да се обезбеди конкуренција помеѓу економските оператори и рационално користење на буџетските средства.

**Клучни системски слабости:**
Констатирани противречности во Законот за локална самоуправа и Законот за спорт поврзани со надлежностите околу финансирање и поддршка на спортски активности на општините на град Скопје.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од страна на градоначалникот на општина Бутел.

**Одговор на добиени забелешки:**
Добиените забелешки се отфрлени.

* 🟢 **позитивно,** 🟡 **со резерва,** 🔴 **неповолно,** ⚫ **воздржување**

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018